АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-113/6
06.05.2014 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НАРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВА

**Скопје, Мај 2014 година**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/,13, 18/14 и 44/14), Комисијата за право на поврат на средства, на седницата одржана на ден 06.05.2014 година го донесе следниот:

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој деловник се уредуваат внатрешната организација, начинот и постапката на работа, правата и обврските на претседателот и на членовите на Комисијата за право на поврат на средства ( во натамошниот текст: Комисијата) и други прашања значајни за работата на Комисијата.

### Член 2

(1) Комисијата седниците ги одржува во просториите на Агенцијата за филм на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата).

(2) Комисијата нема свој печат и штембил. Актите и службената коресподенција на Комисијата се заверуваат во архивата на Агенцијата, со печат и штембил на Агенцијата.

(2) Стручно-административните работи за Комисијата ги вршат вработените во Агенцијата.

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА

### Член 3

(1) Комисијата е составена од претседател и четворица членови и тоа: еден филмски продуцент од Република Македонија по предлог на министерот за култура, три лица вработени во Управата за јавни приходи по предлог на директорот на Управата и еден вработен во Агенцијата по предлог на директорот на Агенцијата.

(2) Претседателот и членовите ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата имаат мандат од две години по што можат уште еднаш да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на комисијата им следува надоместок кој го утврдува директорот на Агенцијата, во зависност од бројот на одржани седници и бројот на разгледани барања.

II. 1. Надлежност на Комисијата

Член 4

Комисијата, согласно со Законот за филмската дејност, е надлежна:

- да ги разгледа доставените барања за право на поврат на средства,
- да утврди дали филмскиот продуцент од Република Македонија ги исполнува условите од членот 46 од Законот за филмската дејност,
- да утврди дали со барањето е доставена потребната документација од член 48 од Законот за филмската дејност,
- да му предложи на директорот да издаде потврда за исполнување на условите за добивање на право на поврат на средства од член 49 од Законот за филмската дејност,
- да изврши проверка на доказите од член 53 од Законот за филмската дејност,
- да утврди дали приложените докази за извршена исплата за квалификуваните трошоци се во согласност со реалната цена во Република Македонија и
- да му предложи на директорот да донесе решение за исплата на средства или за одбивање на барањето за право на поврат на средства.

II.2. Претседател на Комисијата

Член 5

(1) Претседателот на Комисијата:

- ја претставува и раководи со работата на Комисијата,
- свикува седници на Комисијата и претседава со нив,
- одговорен е за законито, непристрасно и ефикасно извршување на работите од надлежност на Комисијата,
- ги потпишува актите на Комисијата и се грижи за нивното спроведување,
- предлага мерки во случај на неспроведување на заклучоците на Комисијата,
- одлучува за одржување на состаноци и советувања во врска со разгледување на прашања во надлежност на Комисијата,
- се грижи за спроведување на одредбите на овој деловник,
- врши и други работи определни со закон и овој деловник.

(2) Во случај на спреченост, претседателот може да овласти член на Комисијата да свика седница на Комисијата, да раководи со неа, за што ја известува Агенцијата за филм на Република Македонија.

## II.3. Членови на Комисијата

**Член 6**

(1) Членовите на Комисијата:

- се одговорни за законито, непристрасно и ефикасно извршување на работите од надлежност на Комисијата,
- имаат право и должност да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Комисијата,
- учествуваат во расправата и одлучувањето по прашања за кои се расправа на седници на Комисијата,
- покренуваат иницијативи за унапредување на методот на работа на Комисијата,
- учествуваат во вршењето на други работи од надлежност на Комисијата во согласност со овој деловник и заклучоците на Комисијата.

(2) Членот на Комисијата кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Комисијата е должен за тоа навремено да го извести претседателот на Комисијата.

# III. НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

## III. 1 Доставување на барања за право на поврат на средства

**Член 7**

(1) Барањата на филмските продуценти се примаат во Архивата на Агенцијата, каде овластено лице ги заверува со приемен печат со наведување на соодветниот број на предметот и прилозите кои него.

(2) За приемот на барањето административните служби во Агенцијата го известуваат Претседателот на комисијата по електронски пат веднаш по приемот на барањето кој во рок од три дена од денот на приемот на барањето свикува седница.

(3) Барањето за остварување на право на поврат на средства е дадено во Прилог бр. 2 на овој деловник.

## III.2. Седници на Комисијата

**Член 8**

(1) Работата на Комисијата се организира на начин со кој се обезбедува ефикасно и рационално вршење на работите и задачите од нејзина надлежност.

(2) Комисијата работи и одлучува за работите од своја надлежност на седници.

(3) Седницата ја закажува и со неа раководи претседателот на Комисијата или член на Комисијата овластен од него.

Член 9

(1) Претседателот на Комисијата закажува седница по потреба, односно по доставено барање за остварување на правото на поврат.

(2) Претседателот на Комисијата, преку Агенцијата, ги известува членовите на Комисијата за денот, часот и местото на одржување на седницита и тоа по правило најдоцна три дена пред одржувањето на седницата.

(3) По исклучок, заради итноста за постапување по одделни барања, претседателот може да определи седницата да се одржи и во пократок рок.

(4) На почетокот на седницата, претседателот утврдува дали на седницата се присутни потребниот број членови за да може Комисијата полноважно да одлучува и го предлага распоредот на разгледување на доставените барања.

## III.3. Работа и одлучување на седниците на Комисијата

Член 10

(1) Дневниот ред на седницата на Комисијата го предлага претседателот на Комисијата или предлагачот на седницата, а го усвојува Комисијата на почетокот на седницата, со најмалку мнозинство на гласови од присутните членови на Комисијата.

(2) Секој член на Комисијата може и по свикувањето на седницата, како и на самата седница, до утврдувањето на дневниот ред да предложи дополнителни точки на дневниот ред.

(3) На седниците на Комисијата можат да присуствуваат и други надворешни лица само доколку бидат поканети на седницата, од страна на претседателот на Комисијата.

Член 11

(1) Комисијата може да расправа кога на седницата се присутни повеќе од половината од членовите на Комисијата.

(2) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 12

(1) Расправата по поднесените барања се врши според утврдениот дневен ред.
(2) На почетокот на расправата по секое прашање од дневниот ред членот на Комисијата, односно задолжениот член по односниот предмет дава мислење и образложение или појаснувања за предметот.
(3) По образложението или појаснувањето учество можат да земат и останатите членови на Комисијата.
(4) Расправата по одредени прашања односно предмети трае додека има пријавени за дискусија од членовите на Комисијата.
(5) Претседателот на Комисијата констатира дека расправата е завршена кога ќе утврди дека нема повеќе пријавени за дискусија.

Член 13

Во текот или до завршувањето на расправата, Комисијата може да одлучи прашањето односно предметот што се расправа да го одложи заради дополнителни консултации со експерти и стручни лица.

## III.4. Записник

Член 14

(1) За работата на седницата на Комисијата се води записник.
(2) Пред утврдување на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница или работна седница.
(3) Во записникот се запишуваат податоците за членовите на Комисијата кои присуствувале на седницата, основните податоци за работата на седницата, барањата кои се доставени за остварување на правото на поврат на средства, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со прашањата од дневниот ред.
(4) Секој член на Комисијата може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и забелешки.
(5) Во записникот по барање на членот на Комисијата содржано е и издвоено мислење.
(6) За издвоеното мислење на членовите на Комисијата не се води расправа.
(7) Претседателот на Комисијата констатира дека е усвоен записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот на кој се ставени забелешки.
(8) Усвоениот записник го потпишува претседателот или претседавачот на седницата ако претседателот е отсутен.
(9) За изготвувањето на записниците и за чувањето на оригиналите на записниците од седниците на Комисијата се грижи лице од редот на вработените во Агенцијата кое е определено до страна на Директорот на Агенцијата.

## III.5. Одлучување

Член 15

(1) Комисијата може да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од членовите на Комисијата.
(2) За усвојување на одлуките, заклучоците, предлозите и други акти кои ќе ги носи Комисијата потребно е три гласови од вкупниот број на гласови на Комисијата.
(3) Гласањето на Комисијата се врши јавно „за" или „против".
(4) Секој член на Комисијата има право на издвоено мислење.

## IV. НАДЛЕЖНОСТ И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ

### Член 16

(1) Комисијата согласно со Законот има надлежност да ги врши работите поврзани со правото на поврат на вложените средства во филмски, односно телевизиски проекти.

(2) Комисијата работите од став (1) ги врши во рамките на на обезбедените средства во Буџетот на Агенцијата, со намена право на поврат на средства.

(3) Директорот на Агенцијата на почетокот на секоја календарска година ја информира Комисијата за планираните средства наменети за остварување на правото на поврат во тековната година.

(4) Доколку во тековната година, поднесеното барање/барања ги надминува планираните средства наменети за остварување на правото на поврат во тековната година, Комисијата пред да го разгледа барањето/барањата писмено го известува директорот на Агенцијата.

(5) Директорот на Агенцијата во рок од три дена по известувањето од став (4) на овој член ја информира Комисијата за понатамошното постапување и работење по основ на поднесеното барање/барања.

### Член 17

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледува доставените барања за остварување на право на поврат на вложените средства во филмски, односно телевизиски проекти доставени до архивата на Агенцијата.

### Член 18

(1) По добивање на барањето, Комисијата утврдува дали филмскиот продуцент од Република Македонија ги исполнува условите:

- да е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија со шифра на дејност производство на филмови,
- средствата кои ќе ги вложи за реализација на филмски, односно телевизиски проект, да не ги обезбедил од Буџетот на Република Македонија, туку од други домашни или странски извори,
- ги намирил сите даноци, придонеси и други јавни давачки во Република Македонија,
- против него не е поведена стечајна или ликвидациска постапка во Република Македонија,
- минималниот износ на вложените средства за квалификувани трошоци согласно приказот на планирани трошоци не е помал од 100.000 евра во денарска противвредност и
- има снимено како продуцент или копродуцент и јавно прикажано најмалку еден долгометражен игран филм.

(2) Комисијата утврдува дали во прилог на барањето филмскиот продуцент од Република Македонија ја има доставено задолжителната документација и тоа:
- дали е доставен извод од Централен регистар на Република Македонија за вршење на дејност производство на филмови, не постар од шест месеци,
- дали е доставена изјава заверена на нотар дека средствата потрошени за реализација на филмскиот, односно телевизискиот проект, не се обезбедени од Буџетот на Република Македонија,
- дали е доставена потврда од надлежен орган за уредно платени даноци, придонеси и други јавни давачки во Република Македонија, не постара од еден месец
- дали е доставена потврда од надлежен орган дека против него не е поднесена стечајна или ликвидациона постапка, не постара од еден месец
- - договор за продуцент, копродуцент или продукциски сервис заверен на нотар за реализација на филмскиот, односно телевизискиот проект во кои носителот на барањето учествува во постапките поврзани со повратот на средства(при целосна странска продукција, договорот задолжително се поднесува на оргинален јазик и превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач);
- дали има доставено сценарио и кратка содржина (синопсис) за филмскиот, односно телевизискиот проект за чија реализација се бара поврат на средствата,
- дали има доставено буџет за филмскиот, односно телевизискиот проект за кој се бара поврат на средствата, со приказ на планирани квалификувани трошоци во Република Македонија,
- дали има доставено оперативен план за реализацијата на филмскиот, односно телевизискиот проект со конечни датуми на почетокот и на завршувањето на реализацијата на филмскиот, односно телевизискиот проект и
- дали има доставено доказ дека како продуцент или копродуцент снимил и јавно прикажал еден долгометражен игран филм, .

Член 19

(1) Доколку Комисијата утврди дека поднесената документација од член 18 став (2) е некомплетна донесува заклучок со кој го задолжува директорот на Агенцијата да достави барање до продуцент во рок од три дена да ја достави дополнителна документација.

(2) Доколку филмскиот продуцент не постапи во рокот од став (1) на овој член и не ја достави дополнителната документација, Комисијата дава предлог до директорот на Агенцијата да донесе решение со кое барањето за остварување на право на поврат на средства се одбива поради некомплетна документација.

Член 20

(1) Доколку Комисијата по разгледување на барањето и документацијата утврди дека носителот на проектот и проектот ги исполнуваат условите за остварување на

правото на поврат му предлага на директорот на поднесувачот на барањето да му издаде потврда за исполнување на условите за право на поврат на средства.

(2) Директорот на Агенцијата на предлог на Комисијата во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето на поднесувачот на барањето му издава потврда за исполнување на условите за право на поврат на средства.

(3) Потврдата го гарантира повратот на средства во паричен износ за кои се исполнети условите за остварување на право на поврат. Со издавање на потврдата носителот на проектот се задолжува да отвори оперативна сметка за посебни намени т.н наменска сметка во некоја од деловните банки во Република Македонија со име Право на поврат и име на проект и да направи пренос на минимум средствата за кои му е издадена потврдата дефинирани во член 46 став 1 алинеа 4 од Законот за филмската дејност.

(4) Пред почеток на реализација на филмскиот, односно телевизискиот проект, продуцентот до Агенцијата доставува податоци за банката и доказ за направено префрлање на минимумот на средства со што Агенцијата потпишува договор со носителот на проектот за остварување на право на поврат.

(5) Во договорот се пропишуваат правата и обврските на договорените страни, износот за кои се гарантира правото на поврат, обврските и условите кои носителот на проектот треба да ги исполни со цел издавање на решение за исплата,

(6) Потврдата од ставот (2) е составен дел од договорот.

(7) Доколку филмскиот продуцент не постапи согласно став (4) на овој член, Комисијата ќе му предложи на директорот да ја поништи потврдата од став (2) на овој член.

Член 21

Комисијата за право на поврат на средства ќе ги признае само трошоците од Прилог 1 на овој деловник, кои се утврдени во членот 45 од Законот за филмската дејност, а кои настанале од денот на издавањето на потврдата од членот 49 од Законот за филмската дејност и истите се исплатени од оперативна сметка за посебни намени т.н наменска сметка.

Член 22

(1) Директорот на Агенцијата издава потврди за исполнување на условите за право на поврат на средства само во рамките на планираните средства наменети за остварување на правото на поврат во тековната година.

(2) Потврдите од став 1 на овој член се донесува по системот на предност на барањата до искористување на годишниот износ предвиден за оваа намена.

## Член 23

(1) По завршување на реализација на проектот согласно предвидениот рок од законот Комисијата утврдува дали е доставена документацијата утврдена во член 53 од Законот за филмската дејност и врши проверка на истата, и тоа:

- дали е доставена пресметка на квалификуваните трошоци за филмски, односно телевизиски проект направени во Република Македонија и дали пресметката е во согласност со членот 45 од Законот за филмската дејност, односно дали квалификуваните трошоци од пресметката се направени за услуги и набавка на стоки од членот 45 од Законот за филмската дејност,
- дали е доставена документацијата (фактури/сметки, спецификации, договори) за направени квалификувани трошоци за реализација на филмски односно телевизиски проект и врши нивна проверка;
- дали е доставен доказ за извршена исплата на трошоците, односно банкови изводи од наменската сметка ,
- дали е доставен ревизиски извештај за финансиската реализација на филмски, односно телевизиски проект, подготвен од независен ревизор, ангажиран од страна на Агенцијата, а на трошок на филмскиот продуцент.

(2) Доколку Комисијата утврди дека поднесената документација од став 1 на овој член е некомплетна донесува заклучок со кој ја задолжува Агенцијата да достави барање до филмскиот продуцент за дополнување на истата во рок од пет дена од прием на известувањето/барањето.

(3) Доколку филмскиот продуцент не постапи согласно заклучокот од став (2) на овој член и доколку Комисијата утврди дека трошоците од пресметката на квалификуваните трошоци за филмски, односно телевизиски проект направени во Република Македонија, не се во согласност со член 45 Законот за филмската дејност, односно доказите за извршени исплати за квалификуваните трошоци направени за реализација на филмски односно телевизиски проект не се во согласност Закон, односно дека со ревизискиот извештај е констатирана нерегуларност во работењето на филмскиот продуцент направени во врска со филмскиот, односно телевизискиот проект, ќе му предложи на директорот на Агенцијата да донесе решение со кое барањето за исплата на средства се одбива и се губи правото на поврат на средства.

## Член 24

(1) Комисијата согласно приложените докази од член 23 став (1) утврдува дали:

- приложените докази за извршена исплата за квалификувани трошоци од Прилог 1 на овој деловник се во согласност со реалната цена на трошоци за предметниот вид на направени услуги, односно набавени стоки;
- дали квалификуваните трошоци се направени за стоки и услуги согласно закон и согласно член 21 од овој деловник - дали за трошоците од пресметката има позитивен ревизорски извештај за наменско и законско трошење на средства.

(2) Доколку трошоците се во износ повисок од реалните цени во Република Македонија, Комисијата ќе донесе заклучок со кој ќе ја задолжи Агенцијата од филмскиот продуцент да побара да достави писмено образложение за причините за кои се настанати повисоките износи на цени во рок од пет дена од денот на приемот на барањето.

(3) Доколку комијата не се согласува со образложението од став (2) ќе го признае само износот кој соодвестува со реалната цена.

(4) По исклучок од став (3) на овој член Комисијата има право да побара Агенцијата да ангажира овластен проценител кој во рок од осум дена од ангажирањето ќе ја утврди реалната цена за направените трошоци. Комисијата ќе го признае само износот кој согласно проценителот соодвестува со реалната цена.

(5) Доколку пресметката на квалификувани трошоци содржи трошоци кои настанале пред издавање на потврдата, комисијата истите нема да ги признае како трошок.

Член 25

(1) Доколку Комисијата утврди согласно доказите од член 23 од овој деловник подносителот ги исполнува условите дава предлог на директорот кои во рок од најмногу 30 дена од денот на доставување на доказите донесува решение за исплата по основ на поврат на средства

(2) Исплатата од став 1 на овој член Агенцијата го врши на наменската сметка од член 19 став 3 на овој деловник.

(3) Доколку комисијата утврди дека со ревизорскиот извештај е констатирана нерегуларност во работењето на филмскиот продуцент направени во врска со реализација на филмскиот, односно телевизискиот проект или доколку утврди дека филмскиот продуцент нé не ги доставил доказите од член 23 на овој деловник комисијата ќе му даде предлог на директорот да донесе решение за одбивање на проектот со кое се губи правото на поврат на средства и се раскинува договорот

**IV.1 Зголемување на средствата вложени во филмски, односно телевизиски проект во текот на реализација на проектот**

Член 26

(1) Доколку продуцентот по добивање на потврдата од член 19 став 2 утврди, односно планира да вложи, односно потроши за реализација на филмски односно телевизиски проект дополнителни средства за квалификувани трошоци во Република Македонија не помали од 100.000 евра има право во рок од 15 дена пред преносот на средства на наменска сметка да достави ново барање за остварување на правото на поврат за дополнителните средства (2) условите, постапката и одлучувањето по основ право на поврат е во согласност со постапката предвидена од член 43 до член 53 од законот, член 15 до член 24 на овој деловник, и расположливите средства за оваа намена во тековната година.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

Изменувањето и дополнувањето на овој деловник ќе се врши на начин и постапка на кој се донесува.

**Член 28**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласна табла на Агенцијата за филм на Република Македонија.

Претседател на
Комисија за право на поврат на средства

Јулиана Белевска

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**ПРИЛОГ 2**

Агенција за филм на Република Северна Македонија
Комисија за право на поврат при Агенција за филм
8-ми Март бр.4
1000 Скопје, Општина Центар

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr.____________________
____________________ 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## БАРАЊЕ

**за остварување на право на поврат на средства**

| ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО, АНГАЖИРАН ОД НОСИТЕЛОТ НА ПРОЕКТОТ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Целосен назив : | | | | | | |
| 2 | Кратко име: | | | | | | |
| 3 | ЕМБС: | | | | | | |
| 4 | ЕДБ: | | | | | | |
| 5 | Седиште: | Адреса и бр. | | Општина/Град и поштенски број | | | |
| 6 | Главна приходна шифра: | | | | | | |
| 7 | Телефони за контакт: | Фиксен бр. | | Мобилен бр. | | | |
| 8 | е-маил на субјектот: | | | | | | |
| 9 | Управител (овластено лице): | Име и презиме: | | Адреса: | | | |
| 10 | Лице за контакт: | Име и презиме: | | Мобилен бр. | | | |
| 11 | е-маил на лице за контакт: | | | | | | |
| 12 | Овластено лице за поднесување на документација во име и за сметка на Подносителот на Барањето, со полномошно заверено на Нотар наменето за цели на проектот. | Име и презиме: | | Број на лична карта или патна исправа: | | Телефон: | |

Подносител на барање е Филмски продуцент од Република Северна Македонија согласно член 43 и член 46 од Законот за филмската дејност.

Потпис и печат на поднесувачот на барањето: ______________________________________________

Датум на поднесување: _____._____.20_____ година

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА КОЈ СЕ БАРА ПОВРАТ НА СРЕДСТВА, СО ПРИМЕНА НА МЕРКАТА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ФИЛМСКИ ОДНОСНО ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОЕКТ, СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **13** | **Наслов на проектот на македонски и оригинален јазик** | Работен наслов | | Оригинален наслов | | | | | |
| **14** | **Режисер** | | | **Сценарист** | | | | | |
| **15** | **Вид на проект (означете го полето со √ )** | **Филмски проект** | | игран | | **Телевизиски проект** | | ТВ Филм | |
| | | | | документарен | | | | ТВ серија | |
| | | | | анимиран | | | | | |
| **16** | **Вид на копродукција (означете го полето со √ )** | **Домашна копродукција** | | **Меѓународна копродукција** | | **Целосно странска копродукција** | | | |
| *16-1* | **Копродуцент** | назив | | земја каде е регистриран субјектот | | Име и презиме на управител | | | |
| *16-2* | **Копродуцент** | назив | | земја каде е регистриран субјектот | | Име и презиме на управител | | | |
| *16-3* | **Копродуцент** | назив | | земја каде е регистриран субјектот | | Име и презиме на управител | | | |
| *16-4* | **Копродуцент** | назив | | земја каде е регистриран субјектот | | Име и презиме на управител | | | |
| *16-5* | **Копродуцент** | назив | | земја каде е регистриран субјектот | | Име и презиме на управител | | | |
| *16-6* | **Копродуцент** | назив | | земја каде е регистриран субјектот | | Име и презиме на управител | | | |

| | |
|---|---|
| **17** | **ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРОЕКТОТ** |

**17-1 Назив на носителот на проектот:**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **17-2** | Адреса | **Носител на проектот при домашна копродукција** | | **Носител на проектот при меѓународна копродукција** | | **Носител на проектот при целосно странска копродукција** | |
| **17-3** | Име на главен филмски продуцент | | | | | | |
| **17-4** | ЕДБ (VAT ID) | | | | | | |
| **17-5** | Телефон | | | | | | |
| **17-6** | е-маил | | | | | | |
| **17-7** | Управител | | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ | странска валута | | денари | |
| 19 | Земји и вкупен износ на средства со кои тие се дел од вкупниот буџет на филмскиот или телевизискиот проект | | | | |
| 19-1 | земја | странска валута | | денари | |
| 19-2 | земја | странска валута | | денари | |
| 19-3 | земја | странска валута | | денари | |
| 19-4 | земја | странска валута | | денари | |
| 19-5 | земја | странска валута | | денари | |
| 19-6 | земја | странска валута | | денари | |

**ПЛАНИРАНИ КВАЛИФИКУВАНИ ТРОШОЦИ - МИНИМАЛЕН ИЗНОС НА ВЛОЖЕНИ СРЕДСТВА ЗА КВАЛИФИКУВАНИ ТРОШОЦИ НАПРАВЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ. Повратот на средства се врши по завршувањето на реализацијата на филмскиот, односно телевизискиот проект во Република Северна Македонија, под услови и во постапка утврдени со Законот за филмската дејност.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| планирани квалификувани трошоци во денари | | планирани квалификувани трошоци во странска валута | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **20** | **ПОДАТОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ** | | |
| 20-1 | Средствата кои ќе ги вложи филмскиот продуцент од Република Северна Македонија за реализација на филмски, односно телевизиски проект се озбезбедени од (означете го полето со √ ) | | Буџетот на Република Северна Македонија |
| | | | други домашни извори |
| | | | странски извори |
| 20-2 | Назив на институција | | |
| 20-3 | Износ на буџетски средства во денари одобрени од институцијата | | |
| 20-4 | Процентуално учество на буџетските средства во вкупниот буџет на проектот, одобрени од институцијата | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **21** | **ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ** | | |
| 21-1 | Конечни датуми на почетокот и на завршувањето на реализацијата на филмскиот, односно телевизискиот проект | дата на почеток на реализација на проектот | |
| | | дата на завршување на реализација на проектот | |
| | | дата на почеток на реализација на проектот во Република Северна Македонија | |
| | | дата на завршување на реализација на проектот во Република Северна Македонија | |

Повратот на средствата се врши по завршување на реализацијата на филмскиот односно телевизискиот проект во Република Северна Макединија, под услови и во постапка утврдени во член 43 став (3) од Законот за филмската дејност.

| | | |
|---|---|---|
| **22** | **ПРИЛОЗИ - ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА согласно член 48 од Законот за филмската дејност** | |
| 22-1 | Број на доставени прилози | |
| 22-2 | Вид на доставени прилози | Прилог кон барањето |

**23 ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНЕСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | Потпис и печат | |
| Својство | | Датум на поднесување | |

| 22-2 | **ПРИЛОЗИ - ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, согласно член 46 и член 48 од Законот за филмската дејност (означете го полето √ )** | |
|---|---|---|
| 1 | Извод/Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на дејност производство на филмови, не постар од 6 (шест) месеци. | |
| 2 | Копродукциски договор или договор за продукциски сервис за реализација на филмскиот, односно телевизискиот проект. | |
| 3 | Потврда/Уверение од надлежниот орган за уредно платени даноци, придонеси и други јавни давачки во Република Северна Македонија од УЈП, не постара од 1 (еден) месец. | |
| 4 | Потврда за стечајна постапка од надлежниот орган за во Република Северна Македонија/Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 1 (еден) месеци. | |
| 5 | Потврда за ликвидациона постапка од надлежниот орган за во Република Северна Македонија/Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 1 (еден) месец. | |
| 6 | Сценарио и кратка содржина (Синопсис) за филмскиот, односно телевизискиот проект за чија реализација се бара поврат на средствата. (Со потпис и печат од поднесителот на барањето). | |
| 7 | Буџет за филмскиот, односно телевизискиот проект за кој се бара поврат на средствата, со приказ на планирани квалификувани трошоци во Република Северна Македонија. (Со потпис и печат од поднесителот на барањето). Средствата се изразени во странска валута и во денари. Ставките и категориите составен дел на буџетот се прикажани на оригинален јазик и на македонски јазик. | |
| 8 | Оперативен план за реализацијата на филмскиот, односно телевизискиот проект со конечни датуми на почетокот и на завршувањето на реализацијата на филмскиот, односно телевизискиот проект. Оперативниот план ги содржи податоците за целиот проект. (Со потпис и печат од поднесителот на барањето). | |
| 9 | Доказ дека како продуцент или копродуцент снимил и јавно прикажал еден долгометражен игран филм. | |
| 10 | Изјава заверена на нотар со која филмскиот продуцент од Република Северна Македонија изјавува дека средствата кои ги потрошил за реализација на филмски, односно телевизиски проект, да не се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија туку од други домашни или странски извори. | |

**ПОЈАСНУВАЊЕ:**

| | |
|---|---|
| | При меѓународна копродукција, филмскиот продуцент од Република Северна Македонија со барањето е должен да приложи и нотарски заверена копија од договорот за копродукција согласно член 48 став 4 од Законот за филмската дејност. |
| | При целосна странска продукција, филмскиот продуцент од Република Северна Македонија е должен да приложи и нотарски заверена копија од договорот за продукциски сервис за реализација на филмски, односно телевизиски проект |
| | Задолжителната документацијата се доставува на оригинален јазик и во превод на македонски јазик, заверен од овластен преведувач. |

**ПОТВРДА ОД ПОДНЕСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОВРАТ ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ**

Со потпишување на ова барање, подносителот на барањето ја потврдува вистинитоста на горенаведените податоци.

*(потпис со цело име и презиме):*

МП

Потпис и печат на поднесителт на барањето:

Датум на поднесување: _____.____.20____ година